# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА ЧАШКА

| Службен гласник<br>на општина Чашка<br>Излегува по потреба | Број 9<br>година XV<br>12.09.2011 година | БЕСПЛАТЕН<br>ПРИМЕРОК |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на одлука за отстапување на управување на локален водоснабдителен систем во с. Стари Град ( врановски Анови) и с. Голозинци – Општина Чашка.**

Се објавува Одлука за отстапување на управување на локален водоснабдителен систем во с. Стари Град (Врановски Анови) и с. Голозинци – Општина Чашка, што Советот на Општина Чашка ја донесе на седницата на 31.08.2011 година.

Бр.08-1038/6
31.08.2011 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), а во согласност со член 19 од Законот за Јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 22/07 и 83/09), член 14 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр.45/97, 23/99, 45/02 и 16/04), член 32 од Закононот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.64/04, 28/06, и 103/08) и Записникот од одржаната наУО на ЈПКД „Тополка„ Чашка, Советот на Општина Чашка на седницата на 31.08.2011 донесе,

**ОДЛУКА**
**За отстапување на управување на локален водоснабдителен систем во с. Стари Град (Врановски Анови ) и с. Голозинци – Општина Чашка**

**Член 1**

Со оваа Одлука локалниот водоснабдителен систем во с. Стари Град (Врановски Анови) и с. Голозинци – Општина Чашка кои се ново изградени, а не се пуштени во употреба, се отстапуваат на управување на ЈПКД „Тополка„ од Населба Чашка.

**Член 2**

Предмет на отстапување во управувањето на локалните водоснабдителни системи во с. Стари Град (Врановски анови) и с. Голозинци – Општина Чашка се проектната и изведбенета техничка документација, атестна и договорна документација, сите физички изведени позиции на водоводот, како правно – финансиската документација со која евентуално располагаат месните заедници с. Стари Град (Врановски Анови) и с. Голозинци.

**Член 3**

Пописот на сите основни помошни објекти и целокупната документација на локалните водоснабдителни системи ќе го спроведе посебна пописна комисија назначена со Решение од страна на директорот на ЈПКД „Тополка „ Чашка.

**Член 4**

ЈПКД „Тополка„ од населба Чашка преку јавен оглас ќе назначи лице – а кои ќе ги вршат работите за одржувањето на водоснабдителните системи во с. Стари Град (Врановски Анови ) и с. Голозинци – Општина Чашка.

**Член 5**

Меѓусебните права и обврски помеѓу давателот на услугите (ЈПКД „Тополка„ од населба Чашка) и корисниците на услугите (жителите на с.Стари Град (Врановски Анови ) и с. Голозинци – општина Чашка), ќе бидат регулирани со посебни договори склучени помеѓу нив.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1038/5
31.08.2011 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за Усвојување на стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на Општина Чашка**

Се објавува Одлука за Усвојување на Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на Општина Чашка, што Советот на Општина Чашка ја донесе на седницата на 31.08.2011 година.

Бр.08-1038/4
31.08.2011 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 22 став1 точка 7 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр.5/2002, Советот на Општина Чашка на седницата на 31.08.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**За Усвојување на Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на Општина Чашка**

**Член 1**

Советот на Општина Чашка усвои Стратегија за Социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на Општина Чашка

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чашка.

Бр.07-1038/3
31.08.2011 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Содржина :

1. Заклучок за објавување на одлука за отстапување на управување на локален водоснабдителен систем во с. Стари Град (Врановски Анови) и с. Голозинци – Општина Чашка.

2. Одлука за отстапување на управување на локален водоснабдителен систем во с. Стари Град (Врановски Анови) и с. Голозинци – Општина Чашка

3. Заклучок за објавување на Одлука за Усвојување на стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на Општина Чашка

4. Одлука за Усвојување на Стратегија за социјално вклучување, социјална заштита и намалување на сиромаштијата на Општина Чашка

**Издавач: Општина Чашка**
**ул..Илинденска бр.8 нас.Чашка**

**Уредник/Бојанка Мирова**
**Изготвил/Катица Јовановска**
**Техничка обработка/Димче Ангелов**